**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – ГОСТИВАР**

Врз основа на член 76-б став 1 алинеа 6, член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за културата (Сл. весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19) член 22 и 23 од Законот за работните односи (Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05 ............151/2021), и Одлуката за објавување на јавен оглас со архивски бр.0401-108/1 од 06.07.2022 година, Правилник за форма и содржината на јавниот оглас со бр. 0101-107/4 од 05.07.2022 година во НУ Конзерваторски Центар -Гостивар и Согласноста на Министерството за финансии на Република Северна Македонија со бр.18-2345/2 од 20.02.2023 година, НУ Конзерваторски Центар - Гостивар објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2023**
**за вработување на 3 (три) носители на дејнот на определено време за временски период до 31.12.2023 година**

Националната установа Конзерваторски Центар - Гостивар, има потреба од вработување на 3 (три) извршители носители на дејност на определено време до 31.12.2023 година, и тоа за следните работни места:

1. За работното место Конзеватор стручен работник за археолошко надследство со Шифра КУЛ 0304 Д03 003.
   Посебни услови: степен и вид на образование: Високо – археологија или историја на уметноста/археологија најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен ;
   Работно искуство: Со работно искуство; Најмалку до 1 година работно искуство во струката, ( Дневното работно време е во траење од 8 (осум) часа дневно- Неделното работно време е во траење од 40 (четириесет) часа неделно). Основна нето плата 34.968 денари.
2. За работното место Конзеватор стручен работник за архитектоско наследство со Шифра КУЛ 0304 Д03 003.
   Посебни услови: степен и вид на образование: Високо – архитектура, урбанизам и планирање најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен ;
   Работно искуство: Со работно искуство; Најмалку до 1 година работно искуство во струката, (Дневното работно време е во траење од 8 (осум) часа дневно- Неделното работно време е во траење од 40 (четириесет) часа неделно). Основна нето плата 34.968 денари.
3. За работното место Конзеватор стручен работник за статика со Шифра КУЛ 0304 Д03 003.
   Посебни услови: степен и вид на образование: Високо – градежништво и водостопанство најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
   Работно искуство: Со работно искуство; Најмалку до 1 година работно искуство во струката, ( Дневното работно време е во траење од 8 (осум) часа дневно- Неделното работно време е во траење од 40 ( четириесет) часа неделно). Основна нето плата 34.968 денари.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови за вработување и тоа:
-Да е државјанин на Република Северна Македонија;
-Активно да го користи македонскиот јазик;
-Да е полнолетен;
-Да има општа здравствена способност за работното место, и
-Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.
Кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни услови:
-да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место;
-да има соодветно работно искуство потребно за работното место и
-да поседува други посебни работни компетенции потребни за работното место доколку се бара;

Кандидатите треба да ги достават следните документи за исполнување на општите услови за работното место, во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:
-Уверение за државјанство-(не постаро од шест месеци);
-Лекарско уверение за вработување-(не постаро од една година);
-Потврда/Уверение дека нема забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
-Пополнета Пријава за вработување;
-Кратка Биографија;
-Кратко мотивациско писмо;

Кандидатите треба да ги достават следните документи за исполнување на посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:
-Диплома/уверение за завршено образование;
- Доказ за работно искуство/струката-за работното место каде е предвидено;

Јавниот оглас за вработување ќе биде објавен на веб страницата на НУ Конзерваторски Центар – Гостивар и ќе биде објавен во три дневни весника од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, со траење од петнаесет (15) дена .

Кандидатите, Пријавата потполнета во целост, прецизно и со точни податоци со потребните документи ги доставуваат до архивата на НУ Конзерваторски Центар – Гостивар секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот или по пошта на следната адреса: НУ Конзерваторски Центар - Гостивар, Мајор Чеде Филиповски бб П фах 54. – Гостивар, кој се наоѓа во зградата на поранешниот пионерски дом , со назнака: За оглас бр.01/2023.

Пријавените кандидати на јавниот оглас, од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за селекција, односно за работноти места се следниве фази:

Фаза 1 - Административна селекција-Проверка на внесените податоци во пријавата со условите предвидени во огласот и проверка на приложените докази и

- Фаза 2- Интервју

Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Пријавата ќе биде достапна на веб-страницата на НУ Конзерваторски Центар – Гостивар, www.conservetion.gov.mk, а ќе може и да се подигнат од архивата на НУ Конзерваторски Центар и тоа секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Ненавремените и некомплетна документација  нема да се разгледуваат.

Контакт лице: Елмедин Касами , контакт тел 078/338-008